# БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

**Штип, Јуни, 2023** година

Врз основа на член 5,18,20,25,40,74 и 76 од ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ,, Службен Весник на РМ,, бр.52/10, 135/11 и 55/16 и ЗАКОНОТ ЗА СПОРТ ,, Службен Весник на РМ,,29/02, 66/04,81/08,18/11,51/11,64/12,148/13,187/13,42/14,138/14,145/14,178/14,72/15,153/15,6/16,55/16, 61/16,106/16,190/16 и ,,Сл.весник на РСМ,, 98/19,24/19 и член 15 и 75 од СТАТУТОТ НА БФСМ Собранието на Боречка Федерација на Северна Македонија, на седницата одржана на ден **.13.06.2023** година донесе :

# С Т А Т У Т

## НА БОРЕЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Боречка Федерација на Северна Македонија, (во натамошниот текст: Федерацијата) е Федерација на здруженија и фондации од обласата на боречкиот Спорт на Северна Македонија (клубови по борење) кои доброволно и на рапмноправни основи се здружуваат заради остварување на јавни цели и задачи во Спортот.

**Член 2**

Федерацијата има својство на правно лице, со права и обврски што ги има врз основа на Уставот, Законот и овој Статут, а се запишува во Централен регистар на РСМ.

**Член 3**

Федерацијата е непрофитно здружение на граѓани, која нема за цел остварување на било какви партиски и политички активности, и како таков нема да биде зачленет во ниту една политичка организација, односно партија.

**Член 4**

Федерацијата делува на територијата на Северна Македонија и пошироко.

**Член 5**

Федерацијата носи назив:
**БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** со седиште во Скопје, на улица 1732, бр.4 (Хотел Парк)

**Член 6**

Федерацијата има печат кој е со тркалезна форма, и во него е впишано
**БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.**

Во средина на печатот се наоѓаат двајца борачи во боречки став.
Федерацијата има штембил во правоаголна форма во кој е испишано: БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Број ____ од _____ 20 _____ година
СКОПЈЕ

**Член 7**

Федерацијата е член на Светската и Европската Федерација по борење, Македонскиот Олимписки Комитет и Сојузот на Спортските Федерации на Македонија. Федерацијата може да се зачленува и во други соодветни спортски организации. Одлука за зачленување на Федерацијата донесува Собранието на Федерацијата.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА**

**Член 8**

Основни цели и задачи на Федерацијата се:
- • Утврдување на основната развојна политика во обласа на борењето ;
- • Поттикнување, омасовување, развој и унапредување и афирмирање на борењето во слободен и грчко-римски стил (машки и женски);
- • Соработка со сите сродни спортски асоцијации на други држави и соодветни меѓународни организации;
- • Учествува во подготвување и организација на големи меѓународни спортски натпревари,
- • Кординирање и усолгасување на програмските активности на боречките клубови;

- • Унапредување на борењето во републиката и создавање на услови за успешно презентирање во републиката и странсво,

- • Грижа за развој и соработка со републичките спортски федерации и другите организации со кои што предвидена е спортска соработка,

- • Развој и усовршување на системот на натпревари;

- • Формирање на секции и клубови во сите краеви на Македонија каде што има услови;

- • Грижа за квалитетно борење,

- • Унапредување на здравствената заштита на спортистите;

- • Негување на традиционалините форми на борење;

- • Вршење на други работи утврдени со Законот за спорт, договори и други нормативни акти,

- • Се бори против примена на недозволени допинг средства.

**Член 9**

Федерацијата соработува со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, за прашања од јавен интерес, како и за прашања што ќе бидат доверени.
Организациите имаат даночни и царински олеснување во согласнот со Законот.
Федерацијата соработува со Македонскиот олимпискит комитет, особено за прашања поврзани со квалитетот на борењето и учество на Олимписки игри.
По потреба Федерацијата соработува со други здруженија и фондации, сојузот на спортски федерации на Македонија, факултет за физичка култура, претпријатија и други организации и заедници на подрачјето на Република Северна Македонија.

**Член 10**

Заради создавање на материјални услови за остварување на целите, интересите и активностите на Федерацијата утврдени со овој Статут, Федерацијата може да основа друштво со ограничена одговорност и акционерство друштво.
Одлуката за формирање ја донесува Собранието на Федерацијата, а регистрацијата се врши на Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

**Член 11**

Федерацијата заради финанскиска подршка на програмите за подготовки и учество на спортистите во составот на државната репрезентација на официјалните меѓународни натпревари (Олимписки Игри, Светски, Европски и Балкански Првенства), основа БОРЕЧКИ ПУЛ.

Основањето, функционирањето и работата на Пулот, како и правата и обврските на основачите ќе се утврдат со посебен Правилник што ќе го донесе Управниот Одбор на Федерацијата.

## ЧЛЕНСТВО И ДЕЛУВАЊЕ

**Член 12**

Членови на Федерацијата се спортските здруженија (клубови по борење и самостојните секции) што потпишале пристапници за здружување.

**Член 13**

За зачленување на боречките клубови во Федерацијата, потребно е да се исполнат следниве критериуми:

- Да се основани согласност со Законот,
- Да се исполнуваат условите од Член 10 од Законот за спорт;
- Основната цел на основањето да биде поттикнување и развој на борењето воопшто.
- Членовите на боречките клубови и други организации – основачи на федерацијата, треба да бидат државјани на Република Северна Македонија
- Едно лице може да биде основач и претседател само на еден боречки клуб, член во федерацијата.

**Член 14**

Одлуката за зачленување на Федерацијата, врз основа на претходната оценка за исполнети критериуми за зачленување донесува Собранието на Федерацијата.

Упрабниот одбор на првата на Федерацијата може да донесе одлука за привремено зачленување до седницата на Собранието, доколку се исполнети критериуми од член 12.

**Член 15**

Статутот и другите општи акти мораат да бидат во согласност со Законот, овој Статут и други општи акти на Федерацијата.

**Член 16**

Членките на Федерацијат имаат следните права и должности:
- Да учествуваат во утврдување на заедничката политика во Федерацијата;
- Да даваат предлози и забелешки на работата на органите на Федерацијата и да бараат соодветна помош,
- Преку своите претставници активно да учествуваат во работата и одлучувањето во сите органи на Федерацијата,
- Да преземаат мерки и активности зарадаи остварување на целите и задачите на Федерацијата,
- Да се залагаат за доследно спроведување на одлуките, ставовите и заклучоците на Федерацијата,
- Да користат други права и вршат други должности кои им припаѓаат врз основа на овој Статут и другите акти на Федерацијата.

**Член 17**

Федерацијата е должна во рамките на свои права и должности, сите мислења, сугестии, предлози и иницијативи на членовите, да ги разгледа во своите органи и за тоа да завземе соодветни ставови.
Федерацијата може да одлучи за некој суштински прашања да се одреди претходна расправа.
Член 18
Својство на членки на Федерацијата може да престане по истапување од Федерацијата, ако не ги исполнува критериумите утврдени во член 15 од овој Статут, не плаќа членарина, не ги почитува одредбите од Статутот и други општи акти на Федерацијата.
Членката на која по било кој основ и престанало тоа својство, должна е да ги исполни сите обврски кон Федерацијата.
Управниот одбор на Федерацијата може да донесе одлука за суспензија до седница на Собранието.

## ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 19**

Органи на Федерацијата се:
- Собрание,
- Управен одбор,
- Надзорна комисија.

**Член 20**

Собранието на Федерацијата (во натамошен текст Собрание) управува со работата на Федерацијата.

**Член 21**

Собранието на Боречката Федерацијата на Северна Македонија, го сочинуваат по еден претставник од боречките клубови кои се регистрирани согласно законот за здруженија и фондации и кои имаат добиено решение за вршење дејност Спорт од органот на државната управа надлежен за работитет од областа на спортот
Претставниците на клубовите во Собранието својство на претставник го докажуваат со уредно издадени "Полномоша" од клубовите, со датум не постар од два (2) дена пред терминот за одржување на седница на Собранието.

**Член 22**

Собранието ги врши следните работи:
- Ја утврдува политиката на развој на борењето во Република Северна Македонија;
- Одлучува за донесување и промена на Статутот и други општи акти на Федерацијата;
- Донесува Деловник за својата работа,
- Донесува програма за среднорочен развој
- Донесува финансиски план и завршната сметка на Федерацијата;
- Донесува одлуки за разрешување во согласност со Статут,
- Одлучува за здружување на нови боречки клубови и здруженија, како придрушни членови за период од 2 години, а стануваат рамноправи членови во Федерацијата со право на глас во Собранието по две (2) години од добивање на решение за вршење за дејност Спорт од органот на државна управа (Агенција за Млади и Спорт на РМ),
- Разгледува и освојува Програма за една или повеќе години,
- Бира членови на Управен одбор,
- Бира членови на Надзорна комисија,
- Избира и отповикува претставници на Федерацијата во органи и тела на други организации,
- Одлучува за основање на друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво,
- Донесува одлуки за престанок на работа на Федерацијата,
- Врши и други работи од делокругот на работата на Федерацијата, доколку со овој статут или со нејзина одлука, не се ставени во надлежност на Управниот или друг орган.

**Член 23**

Мандатот на членовите на Собранието изнесува четири (4) години.
Мандатот на членовите на Собранието може да престане и пред истекот на рокот во кој што е избран, во следните случаи :
1.По негово барање, отповикување.
2. Со поднесување на оставка на функцијата на член на Собранието на Федерацијата.
3.Доколку настапат такви околности поради кои членот не би можел да ја обавува должноста член на Собранието.
3.Отповикувањто на членовите се врши на начин и по постапка како и за неговото предлагање, односно избор.
Мандатот на новоизбраниот член трае до истекот на мандатот на Собранието.

**Член 24**

Доколку мандатот на членот престанал пред рокот за кој што бил избран, а истиот бил член на Управниот Одбор, за новиот член на Управниот Одбор одлучува Собранието.

**Член 25**

Членот на Собранието ги има следните права и должности :

- Да учествува во работата на Собранието и другите органи во кои што е избран,
- Да зазема ставови по прашања за кои одлучува Собранието и неговите органи,
- За работата на Собранието и за својата работа да ги известува боречките клубови и спонзори кој што ги претставувааат,
- Да покренува дискусија и прашања од делокругот на работата на Собранието и предлага донесување на соодвенти одлуки,
- Да учествува во извршувањето на задачите утврдени со одлуки на Собранието,
- Да поставува прашања и бара податоци и стручна помош од Струшната Служба на Федерацијата.

**Член 26**

Изборното Собрание се одржува секоја четврта година.

**Член 27**

Собранието одлучува за сите прашања на седници.
За одржување на седницата на Собранието, потребно е присуство од најмалку 1/2 од вкупниот број на членови на Собранието.

Собранието донесува одлуки со мнозинсто на гласови на своите членови кога одлучува за:

- Донесување и промена на Статутот и другите оппти акти на Федерацијата,
- Донесување на среднорочен план за развој на боречкиот спорт во Република Северна Македонија,
- Донесување Програми, финансиски план и завршна сметка на Федерацијата,
- Именување-избор и разрешување согласно Статутот,
- Здружување на нови боречки клубови.

**Член 28**

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Федерацијата (во понатамошниот текст Претседател)
Во случај на отсутност или спреченост на претседателот да претседава на седницата, него го заменува Заменик Претседателот од Управниот Одбор, со претходно обвалстување од претседателот.

**Член 29**

Редовно Собрание се свикува најмалку еднаш годишно.
Вонредно Собрание може да биде свикано на барање на една третина од боречките клубови, членови на Собранието.
Седницата на Собранието за работата на Управниот Одбор може да се свика и на Предлог на Ндзорната Комисија.
Ако Претседателот на Собранието на Федерацијата во рок од 14 дена од денот од дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот Одбор или иницијаторите.

**Член 30**

Седниците на Собранието се свикуваат најмалку седум (7) дена пред одржувањето на седницата. Во исклучителни ситуации Претседателот може да ја свика седницата и во пократок рок, но не најмалку од 3(три) дена.
Седниците на Собранието се јавни и за нивната работа се води записник.

**Член 31**

Собранието за својата работа непосредно е одговорно пред боречките клубови. Членовите на Собранието лично се одговорни за својата работа пред организацијата од која се избрани во Собранието.

**Член 32**

Управниот одбор има единаесет (11) членови.
Претседателот на Собранието е по функција и Претседател на Управниот одбор.
Изборот на членови на Управниот одбор го врши Собранието, по предлог на Претседателот.
Во предлог на членови на УО до Собранието од страна на Претседателот мора да има најмалку три (3) члена кој ќе бидат избрани од редот на Собранието, односно претставници од боречките клубови кои се активни во натпреварувањето и спрема редоследот на успех, а останатите седум (7) члена ги предлага Претседеталот по свој избор од спонзори, помагатели и Стручни лица по потреба.
Управниот одбор може по предлог на Претседателот да именува и коптира членови на Управниот одбор.

**Член 33**

Управниот Одбор ги обавува следниве работи:

• ја спроведува утврдената политика за развој на борењето,
• го утврдува, предлогот Статутот и другите општи акти,
• предлага донесување на план за развој на боречкиот спорт, годишна програма, Финансиски план, како и прифаќање на Завршна сметка на Федерацијата,
• утврдува услови и начин на користење на сметката,
• именува Генерален Секретар на Федерацијата,
• ги спроведува ставовите, заклучоците и одлуките на Собранието,
• управува со движниот и недвижниот имот на Федерацијата,
• ги разгледува прашањата од работата на боречкитек лубови и превзема соодветни мерки за унапредување на нивната работа,
• се грижи за осигурување на постојани стабилни извори на финансирање,
• го утврдува предлогот на системот на натрпреварувањето во борењето;
• го утврдува Годишниот календар на натпревари,
• бира селектор и тренери на државнната репрезентација,
• по потреба врши и други работи,
• дава овластување на Генералниот Секретар за застапување на Федерацијата,
• овозможува допинг контрола на претставници на домашни и странски институции.

**Член 34**

Управниот Одбор одлучува за сите прашања на седниците.
Седниците се оджуваaат по потреба, а најмалку еднаш во 2(два) месеци.
Доколку има итност за донесување на одлука “одлучување без присутво” од Законот за здруженија и фондации е начин преку кој членовите на УО на БФСМ може да се изјаснат и донесат валидна одлука без одржување на седница, а преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт или друг начин уреден со Статутот на Федерацијата, се консултираат со Генералниот Секретар, а одлуката мора на првата редовна седница на УО истата да ја потврдат.

**Член 35**

Управниот Одбор донесува одлуки на седницата со мнозинството на гласови од присутните членови.
За полноправно донесување одлуки потребно е присуството на минимум шест (6) членови.
Во случај на ист број ЗА и ПРОТИВ, одлучува гласот на Претседателот.
Членот на Управниот Одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

**Член 36**

Седниците на Управниот Одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот на Федерацијата.
Во случај на отсутеност или спреченост на Претседателот, седницата на Управниот Одбор и Собранието ја свикува Заменик Претседателот на БФСМ кој се избира од членовите на Упранвиот Одбор на Седницата на Управниот Одбор, по предлог на Претседателот и ги има истите обвластувања како и Претседателот.
Седницата се свикува и по барање на најмалку 6(шест) член од Управниот Одбор и Надзорната Комисија.

**Член 37**

Управниот Одбор за својата работа на Федерацијата е одговоред пред Собранието.
Собранието може да го отповика целиот Управен Одбор или поедини членови пред истекот на мандатот, доколку оцени дека истите не ја обавуваат својата должност во согласност со одредбите на овој Статут, односно согласност со одлуките на Собранието.
Управниот Одбор или член на Управниот Одбор се отповикува по истата постапка како што се избрани.

**Член 38**

Заради подготовување на предлози и стручни обработки на конктретни прашања од своите надлежности, Управниот Одбор формира постојани и повремени работни тела (комисии) како стручни помошни органи.

**Постојани Комисии на Управниот Одбор се :**

- Стручно тренерска комисија
- Комисија за финансии, маркетинг и пропагада
- Судиска Комисија
- Натпреварувачка Комисија
- Здравствена Комисија
- Регистрациона Комисија
- Дисциплинска Комисија
- Комисија за Прописи.

**Член 39**

Мандатот на членовите на работните тела четири (4) години.
Членовите на работните тела и нивните претседатели ги именува Управниот Одбор. Бројот на членовите на работните тела ги утврдува Управниот Одбор со посебна Одлука. Правата, обврските и одговорностите на работните тела и нивните надлежности се регуираат со посебен Правилник, кој што го усвојува Управниот Одбор на Федерацијата.

## НАДЗОРНА КОМИСИЈА

**Член 40**

Надзорната Комисија е орган на Федерацијата кој се состои од три (3) члена.
Членовите на Надзорната комисија ги бира Собранието.
Членовите на Надзорната комисија не можат да бидат членови и на други органи и тела на Федерацијата.
Мандатот на членовите на Надзорната Комисија трае четири (4) години.
Претседателот го бираат од своите редови.

**Член 41**

Надзорната Комисија:

- го контролира спроведувањето на законитоста на работењето во работата на Федерацијата,
- врши контрола на извршувањето на законските, договорените и други обврски на Федерацијата,
- го контролира и аналира остварувањето на утврдената финансиска политика и Финасовиот план на Федерацијата,
- предлага мерки што треба да се превземат за спречување и отклонување на неправилностите во борењето,
- предлага и други мерки во врска со својата работа и задачите од делокругот на своето работење.

**Член 42**

Надзорната комисија за својата работа поднесува Извештај до Собранието.
Начинот на работата на Надзорната комисија се уредува со Деловник на работа.

**Член 43**

Органите на Федерацијата и Стручната Служба на Федерацијата должни се на Надзорната Комисија да и ги дадат сите барани и потребни податоци како и овозможување увид во целокупната документација.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 44**

За Претседател на Федерацијата може да предложи кандидат секој боречки клуб од редовите на спортските работници и истакнати општественици и стопанственици.
За Претседател ќе биде избран оној кандидат што ќе добие повеќе гласови од присутните делегати на Собранието.

**Член 45**

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието.
Лице што ја претставува Федерацијата може да биде избрано најмногу два мандати последавателно и истото може повторно да биде избрано по истекот на временски период од најмалку од еден полн мандат.
Доколку во моментот на престанување на мандатот на лице што ја преставува Федерацијата, сметката на Федерацијата е блокирана најмалку 30 дена, лицето чии мандат престанува, не може да биде повторно избрано.

**Член 46**

**Претседателот:**

• Ја претставува Федерацијата во земјата и странство,

• Свикува и претседава на седниците на Собранието и Управниот одбор,

• Ги потпишува актите што ги донесува Собранието и Управниот одбор,

• Наредбодател е за извршување и реализација на финансискиот план на Федерацијата,

• Именува Заменик Претседател на Управниот одбор и спортски директор на Федерацијата, кои за својата работа одговараат пред Собранието и Управниот одбор,

• Обавува и други активности утврдени со овој статут и други општи акти на Федерацијата.

## ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

**Член 47**

Генералниот Секретар на Федерацијата го именува Управниот Одбор.

**Член 48**

За Генерален Секретар може да биде именувано лице кое има организаторски способности и соодветни резултати како стручно лице во спортот, да познава најмалку еден од официјалните јазици на UWW(англиски или француски).

**Член 49**

Генералниот Секретар за својата работа одговара пред Претседателот, Управниот Одбор и Собранието на Федерацијата.

Генералниот Секретар:
- Ја застапува Федерацијата во границите на обвласувањата добиени од Управниот Одбор,
- Се грижи за организирањето на работата на Управниот Одбор и Надзорната Комисија на Федерацијата,
- Се грижи за навремено подготвување на материјалите за седниците на Управниот Одбор на Федерацијата.
- Се грижи за извршување на заклучоците и одлуките на Управниот Одбор на Федерацијата,
- Ја координира работата на органите на Федерацијата.
- Соработува со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот и Македонскиот Олимписки Комитет, други институции во интерес на спортот и образованието,
- Дава соопштенија за работата на Управниот Одбор, односно Федерацијата со знаење на Претседателот,
- Се грижи за подготвување на нацртите и предлозите на Програмите, Финансискиот План, Завршната Сметка и другите документи што ги донесува Управниот Одбор и Надзорната Комисија,
- Извршува и други обврски утврдени со Закон и одлуки на Управниот Одбор на Федерацијата.

**Член 51**

- Генералниот Секретар може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран:
-Ако поднесе оставка,
- Ако со неизвршување или несовесно извшрување на својата должност го оневозможи вршењето на основните задачи на Федерацијата, или ако со своето незаконско и неправилно работење нанесе штета на федерацијата.
- Во други случаи предвидени со Закон.

**ЛИГА ОДБОР**

**Член 52**

Лига Одборот се формира од боречките клубови вклучени во екипниот систем на натпревари.

**Член 53**

Лига Одборот во согласност со Статутот и другите акти на Федерацијата предлага акти, со кои се регулира организацијата и раководењето на екипното лига натпреварување. Лига Одборот е должен пред применат на своите општи акти да ги достави на усвојување до Управниот Одбор на Федерацијата.

## СЕЛЕКТОРИ И ТРЕНЕРИ НА ДРЖАВНАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

### Член 56

Управниот Одбор на Федерацијата избира селектори и тренери на Државната репрезентација во борење слободен и грчки-римски стил во професионален или аматерски однос.

### Член 57

Селекторите и тренерите на државната репрезентација се избираат на период од четири(4) години по правило за четворогодишен олимписки циклус.

### Член 58

Делокругот, надлежноста, правата и обврските, постапката и начинот на ангажирање се регулирааат со посебен Правилник за репрезентација на Македонија во борење, која го усвојува Управниот Одбор на Федерацијата.

## МАТЕРИЈАЛНО ФИНАСИСКО РАБОТЕЊЕ

### Член 59

Федерацијата, материјални средства за извршување на своите програмски задачи и активности обезбедува од органот на државната управа надлежен за работите од обласпа на спортот, (Буџетот на РСМ), врз основа на приложена Програма на Федерацијата.

### Член 60

Федерацијата може да остварува средства за редовна дејност и за остварување на одделени програмски активности од:
- Основање на друштво со ограничена одговорност и акционерска друштво,
- Основање на боречки Пул
- Спонзорсво;
- Членарина и други приходи на Федерацијата;

**Член 61**

Приходите и расходите на Федерацијата се утврдуваaат со Финансиски План кој го донесува Собранието на Федерацијата.
Наредбодател на извшување на Финансискиот План на Федерацијата е Претседателот на Федерацијата.

**Член 62**

Усвоениот финаниски план може да се менува во текот на годината.
Измени и дополнување на Финансискиот план врши Управнит одбор со посебна одлука.

**Член 63**

Федерацијата може да поседува движен и недвижен имот.
Средствата на Федерацијата се користат на начин утврден со Закон, овој Статут и другите општи акти на Федерацијата.

## **СТРУЧНА СЛУЖБА** НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 64**

Стручно-организационите работи на кореспонденција, административно-техничките и другите работи на органите на Федерацијата ги врши стручниот секретар, професионално вработен во Федерацијата или по договор за дело.
Работата на Стручниот секретар ја оценува Управниот одбор на Федерацијата, а постапката за засновање на работен однос и негов престанов се утврдува со Закон.

**Член 65**

Сметководствените работи на Федерацијата ги врши овластено друштво за вршење на сметководствените работи со кое федерацијата има потпишано договор.

**Член 66**

Со цел успешно извршување на работите Управниот Одбор на Федерацијата може да донесе одлука за вработување на стручни лица по потреба.

**Член 67**

Неспоиво е вршење на функцијата член во органите на федерацијата со функцијата работник на Федерација.

## **ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА**

### **Член 68**

Работата на Федерацијата е јавна.

Јавноста во работата на Федерацијата се осврарува преку :

- Навремено доставување на материјали за расправа на преставниците на членките и други заинтересирани организации и заедниции,
- Известување на претставниците на средствата за јавно информирање и други средства, со содржина на прашањата по кои ќе се расправа на седницата на органите на Федерацијата,
- Известување на граѓаните за работатата и функционирањето на Федерацијата и други начини.
- За одредени значајни прашања за кои е потребно да се запознава пошироката јавност, Федерацијата може да свика Конференција за средствата за јавно информирање.

### **Член 69**

Федерацијата може да издава списанија, публикации и брошури во обласста на боречкиот спорт.

### **Член 70**

Јавноста на информирањето се врши со согласност со прописите за јавно информирање.

## **НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

### **Член 71**

За постигнатите резултати во развојот и унарпредувањето на борењето во Република Северна Македонија, по повод годишници и јубилееи, Федерацијата доделува признанија на спортските организации, Федерации, боречки клубови, победници и други соработници. Признанијата се доделувааат согласно изготвен Правилник.

## ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

### Член 72

Федерацијата престанува со работа:
- Кога за тоа ќе се определат членките на Федерацијата со 2/3 мнозинство.

**Работата на Федерацијата престанува и во услови кога нема законска можност за постоење и тоа:**

- Кога бројот на членките се намали под бројот за основање,
- Ако се утврди дека Федерацијата престанала со работа,
- Ако активностите на Федерацијата се користат за уривање на општественото уредување утврдено со Уставот, загрозување на земјата, мирот, кршење на слободите, правата на човекот, загрозување на националната расна и верна омраза,
- Ако со правосилна одлука на надлежниот орган се забрани работата на Федерацијата,
- Одлуката на Собранието на Федерацијата за престанок на работата на Федерацијата е полноважна ако на сендицата присуствувале 2/3 од делегатитет и за неа гласале повеќе од 2/3 од присутните членови.

### Член 73

Доколку не се исполнети условите од член 72, став 2 на овој Статут, се свикува седница на Собранието по истекот на шест(6) месеци.

### Член 74

Со одлука на Собранието за престанок на работата на Федерацијата, имотот на Федерацијата ќе му припадне на органот на државната управа надлежен за работите во областа на спортот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 75

Измени и дополнување на овој Статут донесува Собранието на Федерацијата на начин и по постапка која се применува за неговото донесување.

### Член 76

Толкување на одредбите од овој Статут дава Собранието на Федерацијата.

**Член 77**

Сите општи акти на Федерацијата кои не се во согласност со овој Статут, ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок од шест (6) месеци од денот на неговото донесување.

**Член 78**

Со влегување во сила на овој Статуот, престанува да важи претходниот Статут на Федерацијата на боречките спортови на Македонија.

**Член 79**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Претседател**

**Дејан Богданов**